**Subject:** Re: Акциски план на општина Кисела Вода
**From:** Mila Josifovska Danilovska <mila@metamorphosis.org.mk>
**Date:** Wed, 12/18/2024 02:29 PM
**To:** "pavlina.ribarska@kiselavoda.gov.mk" <pavlina.ribarska@kiselavoda.gov.mk>
**Cc:** 'Ilina Mangova' <imangova@iri.org>, Danche Danilovska-Bajdevska <Danche@metamorphosis.org.mk>, Marijana Janceska <marijana@metamorphosis.org.mk>, "marija.rg@zmai.mk" <marija.rg@zmai.mk>, "vesna.bochvarska@cup.org.mk" <vesna.bochvarska@cup.org.mk>, "zdravkovska.angela@yahoo.com" <zdravkovska.angela@yahoo.com>, "gfilkov@ccc.org.mk" <gfilkov@ccc.org.mk>, "contact@zmai.mk" <contact@zmai.mk>, "ane5rovska@yahoo.com" <ane5rovska@yahoo.com>, "karadafov@yahoo.com" <karadafov@yahoo.com>

Почитувана,

Најпрвин ви благодариме на споделениот Акциски план на ПОВ за Кисела Вода и можноста да придонесеме со нашите забелешки.

Согласни со забелешките од Герман, се надоврзуваме со два предлози од наша страна:

- Во насока на зајакнување на **„Заложба 1: Унапредување на дигитализација во работењето на општината“**, Метаморфозис искажува подготвеност заеднички да **организираме фокус група** со учесници од Скопскиот плански регион, а со ***посебен акцент на жителите на Општина Кисела Вода***, кој би се одржал на територијата на Кисела Вода, предлог е Домот на култура „Биљана Беличанец“. Фокус групата ќе се спроведе во периодот јули-август 2025 г. Појдовна основа на фокус групата ќе бидат наодите од планираната анкетата со граѓани за нивната перцепција на најподложни услуги на корупција на локално ниво и резултатите од Анализата на е-услугите во општините во Република Северна Македонија.

  Фокус групата ќе вклучи различни категории на граѓани, како млади, родители, пензионери, лица со попреченост, претставници на граѓански организации и локални бизниси, чиј придонес ќе биде преточен во **листа на приоретизирани локални е-услуги отпорни на корупција согласно потребите на граѓаните**. Целта на фокус групите е да се добијат мислења, коментари и предлози од граѓаните за унапредување на постоечките услуги од локалната самоуправа кои се подложни на корупција, но и барања за воведување на нови локални е-услуги согласно нивните потреби.

  Оваа фокус група е дел од поширок процес преку кој ќе се организираат фокус групи во секој плански регион, по што ќе се подготви **листа на предлози за приоретизација на услуги за дигитализација** која ќе биде споделена со претставниците на општинската администрација во Кисела Вода. Лице за контакт: Маријана Јанческа marijana@metamorphosis.org.mk 071 237 921

- Во насока на **„Заложба 2: Транспарентност и отворена локална самоуправа“**, го поздравуваме користењето на наоди од истражувањата од страна на граѓанскиот сектор кои укажуваат на голем напредок во поглед на транспарентноста на општината, со препорака да ги користите и останатите истражувања од граѓанскиот сектор кои се однесуваат на отвореноста на

општината кои укажуваат на тоа дека има голема потреба за унапредување на практиките на општината на ова поле.

Имено, **Индексот на отвореност на локално ниво** ги оценува перформансите на локалната самоуправа во областа на доброто владеење преку четири начела (транспарентност, свесност, пристапност и интегритет) со хоризонален домен - отворени податоци. Секое начело има поддомени и индикатори мерени според соодветна вредност. Индексот мониторира и две дополнителни поткатегории – општински совети и јавни претпријатија. Заложба 2 вклучува јавни консултации и интеракција со граѓаните, што е токму она што го мериме преку Индексот во доменот „пристапност“.

За Општина Кисела Вода, Индексот на отвореност на локално ниво низ годините укажува на постепено подобрување на отвореноста на општината (2021 - 28%, 2022 - 32%, 2024 - 39%) која според последните резултати е за 2% над просекот на отвореност на сите 81 единица на локална самоуправа (37%). Иако овој процент е видливо зголемен, сепак бара поголем ангажман во отвореноста во работењето на општината.

Со цел унапредување на отвореноста на општините и Град Скопје, изготвивме Листа за самоевалуација за отвореност на единиците на локална самоуправа како инструмент преку кој локалните самоуправи ќе може полесно да ги следат своите добри практики и слабости, и да ја унапредат транспарентноста и отчетноста на институцијата. Листата се темели на индикаторите по кои се спроведува мониторирањето преку Индексот на отвореност на локално ниво, кој наредно ќе се спроведува во февраури - април 2025 година. Веруваме дека со користењето на оваа листа, Кисела Вода успешно ќе ги детектира своите слабости и посветено ќе работи на подобрување на својата отвореност кон граѓаните.

Ви посакуваме успешно ревидирање на АП и негово спроведување, и остануваме на располагање за соработка.

Срдечен поздрав,
Мила

**Mila Josifovska Danilovska**
*Programme manager*
Metamorphosis Foundation
Mobile: +389 71 385 497

Web: www.metamorphosis.org.mk
E-mail: mila@metamorphosis.org.mk

Please consider the environment before printing this email.